ОПШТИНА БИТОЛА

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 15 точка 3 и 5 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/2005, 17/2008, 08/19, 14/20 и 19/20), Општина Битола објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**

**за учество во организација и реализација на културни и туристичко промотивни активности во пресрет на новогодишните празници и збогатување на понудата на јавни содржини во општина Битола по повод дочекот на Новата 2024 година - Зимска приказна**

1. Целта на овој јавен повик е избор на субјекти кои ќе учествуваат во организација и реализација на културни активности во пресрет на новогодишните празници и збогатување на понудата на јавни содржини во општина Битола по повод дочекот на Новата 2024 година.
2. Право да аплицираат на јавниот повик имаат сите домашни правни и физички лица кои работат во областа на културата и културниот туризам, со достава на апликација и изјава за согласност (дадени во прилог на овој повик) електронски на емаил адреса zimskaprikazna@bitola.gov.mk.
3. Изборот на настаните ќе го изврши Комисија за селекција, задржувајќи го правото да направи распоред на настаните, врз основа на следните критериуми:

- Претходно искуство во учество на настани од ист или сроден вид (проекти со континуитет)
- Квалитет, јасност, аргументираност и иновативност на предложените проекти;
- Професионално елаборирани проекти од домашни и странски уметници со детално наведена програма;
- Степен на влијание на проектот/настанот врз квалитетот на животот на локалната заедница со образложение за целната група кон која се ориентирани;
- Нови професионални методологии со акцент на задолжителни активности со експерти во рамките на предложените проекти;
- Прифаќање на млади автори со ветувачки капацитети и нови визии кои навестуваат понагласен творечки потенцијал;
- Професионална екипираност, капацитети и можности за реализација на настаните;
- Максимално искористување на вложените средства на проектите, прикажување на проектите на локации кои ќе го зголемат бројот на консументите;
- Вклучување на независната културна сцена во алтернативни простори;
- Кооперативност со други општествени сегменти (производство, образование, екологија...)
- Иновативни идеи со примена на можностите на современата технологија во функција на туристичка промоција

4. Настаните ќе се реализираат во периодот од 23.12.2023 до 31.12.2023 година.
5. Подетални информации можат да се добијат на телефонскиот број 047-208-339.
6. Крајниот рок за доставување на апликациите е 10.12.2023 до 20.00 часот.

**ОПШТИНА БИТОЛА**

Бр. 08 - 1241/4

06.12.2023 год.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 208 312 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk